ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР
ГЛАСИЛО НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ
Бр.17 Јануари - Февруари 2021

ул.Свети Јоаким Осоговски бр.175 тел. 031 375 035 opkp@krivapalanka.gov.mk www.krivapalanka.gov.mk



## Нов центар за младите: Отворена „Европска куќа“ во Крива Паланка

Во Крива Паланка е отворен модерен информативен центар за младите – „Европска куќа“ (Europe House), проект што се реализира во рамки на програмата „ЕУ за тебе“.

На свеченото отварање на „Европска куќа“ присуствуваа претседателот на Република Северна Македонија, Стево Пендаровски, шефот на Делегацијата на Европската Унија, амбасадорот Дејвид Гир, а нивен домаќин беше градоначалникот на Општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски.



„Европска куќа“ е простор каде младите ќе можат да се дружат, да учат, да се информираат и да ги споделуваат свои ставови и размислувања, да дискутираат, да промовираат иновации и претприемачки иницијативи, да организираат разни настани, а во функција на промоција на европските вредности.






## НОВАТА ГЕНЕРАЦИЈА 2021

***Изложба на фотографии***

Во рамки на свеченото отворање на „Европската куќа“ (Europe House Kriva Palanka) се реализираше изложба на фотографии, креирани од младиот локален блогер Роберт Крстевски. Изложбата е поставена во кејот на Крива Река и ја сочинуваат фотографии, придружени со кратки биографии, на млади луѓе од Крива Паланка.





## Спортскиот објект на градскиот стадион ќе добие нов лик

*Со средства во висина од околу 1.2 милиони денари од Агенцијата за млади и спорт ќе се реновира помошниот објект на фудбалскиот терен во Крива Паланка.*

Проектот предвидува обнова на фасадата, пристапот, целата внатрешност на објектот вклучувајќи ги соблекувалните, тоалетите, помошните простории и терасата која ќе се адаптира како ВИП ложа. Објектот ќе биде енергетски ефикасен и ќе има поставено фото-волтаични панели на покривот.



## Се реновира спортската сала во ООУ „Илинден“

Во тек се активности за реновирање на спортската сала во ООУ „Илинден“ при што ќе се изврши промена на подната подлога, обнова на санитарни јазли, соблекувални и дограма. Во рамки на проектот ќе биде адаптиран пристап за лица со посебни потреби и изграден специјализиран тоалет. Ова е прва поголема интервенција на спортската сала, после 50 години од нејзината изградба.

Средствата во висина од околу **5.000.000** денари се обезбедени од сопствени извори на училиштето и од Министерството за образование и наука.




## Унапредување на туристичките потенцијали на Крива Паланка

Здружението за рурален развој Локална акциона група „Осоговски лисец“ со поддршка на Општина Крива Паланка имплементираше проект  за унапредување на туристичките потенцијали на општината преку преку промоција, воведување на нови содржини и оплеменување на постојни туристички локалитети.

Во рамки на проектот поставени се патокази до девет туристички локалитети, инфо-табли на двата влеза во Крива Паланка, поставени се реквизити за детско игралиште во „Болничка Ливада“ – населба Скрљава, поставени се парковски клупи и канти за отпадоци долж пешачката патека на локалитет „Стара Вада“.




Проектот се имплементираше преку Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР).

Вупната вредност за реализација на активностите е во висина од  околу **365.000** денари.




## Потпишан договор за уредување на локалитетот „Станечки Водопади“

Локалитетот Станечки Водопади, еден од туристичките потенцијали на општина Крива Паланка, ќе се уредува во рамки на Програмата за прекугранична соработка на ЕУ помеѓу Србија и Република Северна Македонија.

Инвестицискиот дел предвидува изградба на пешачка патека од училиштето во с.Станци кон локалитетот Станечки Водопади се до локалитетот Ловечка куќа. Вкупната должина на патеката е околку 4.300 метри, при што долж истата ќе се постави урбана опрема, клупи и места за одмор, корпи за отпадоци, платформа за набљудување на водопадот, како и други содржини кои ќе го збогатат  амбиентот.



## Изградена канализациона мрежа за населба „Крстата Падина“

Заврши изградба на канализациона мрежа за отпадни води за населба „Крстата Падина“ во с. Градец –крак К1 и крак К2 во должина од околу 1км.



Со изградба на канализацијата непосредно се опфатени околу 40-тина куќи со околу 150 жители.

Средствата се обезбедени од Бирото за регионален развој и Општина Крива Паланка во вкупен износ од 1.875.121 денари, преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2020 година.



## Реновирана полициската станица во Крива Паланка

Подобрувањето на условите за работа и опремувањето на полициските служби се дел од системските реформи што ги спроведува МВР за зајакнување на ефикасноста на полицијата и безбедноста на граѓаните, истакна министерот Оливер Спасовски при  посетата на Крива Паланка, по повод завршните работи од реконструкцијата на Одделението за внатрешни работи.



Извршена е санација на кровната конструкција, комплетна замена на старите дрвени прозорци, изработена е комплетно нова фасада, а поставена е и пристапна рампа за лицата со физичка попреченост.
Реконструкцијата на објектот на ОВР Крива Паланка, кој се реновира по цели 30 години, чини околу 9 милиони денари, обезбедени од МВР.



## Се интензивираат активностите за изградба на пругата кон соседна Бугарија

Градоначалникот Борјанчо Мицевски и претставници на стручните служби од Општината  одржаа работен состанок со директорот Хари Локвенец и претставници од ЈП Железници – Инфраструктура, пред почетокот на еден од најголемите и најзначајните инфраструктурни проекти со проценета вредност од околу 500 милиони евра.

Најголем акцент на состанокот беше ставен на решавањето на предизвиците и проблемите што се јавуваат на третата фаза од трасата за изградба на железничката пруга, како и решавање на проблемите со експропријација и дислокација на објекти.



### Градоначалникот Борјанчо Мицевски е новиот ко –претседавач на Заедничкиот консултативен комитет меѓу Република Северна Македонија и Комитетот на региони на Европската Унија

Градоначалникот Борјанчо Мицевски е избран за нов ко-претседавач на македонската делегација на Заедничкиот консултативен комитет меѓу Република Северна Македонија и Комитетот на региони на Европската Унија (ЗКК). Изборот беше направен на онлајн состанокот што делегатите на ова тело од РСМ го одржаа на 12 февруари, 2021 година. Градоначалникот Мицевски доби едногласна поддршка во изборот.



## Потпишан договор за имплементација на проектот „Одржливо искористување на културното наследство на Дупница и Крива Паланка“

***Уредување на локалитетот „Бабин Дол“***

Крива Паланка и Дупница во рамки на Програмата за прекугранична соработка на ЕУ помеѓу Бугарија и Република Северна Македонија ќе реализираат заеднички проект  за одржливо искористување на природното и културното наследство.

Инвестициските активности во Општина Крива Паланка предвидуваат изградба на пешачка патека на потегот од спортскиот комплекс кон манастирот „Свети Јоаким Осоговски“, место викано Бабин Дол, во должина од 885 метри со уредување на коритото на истоимениот дол. Вкупниот буџет на проектот изнесува  499.987.75 евра од кои околу половина треба да бидат искористени за реализација на активностите во општина Крива Паланка.






## Средба за унапредување на средното стручно образование

*Учи паметно, работи стручно*

Во Крива Паланка се оддржа работна средба за унапредување на средното стручно образование на која присуствуваше и министерката за образование и наука Мила Царовска.

Основна цел на овој процес со мото „Учи паметно, работи стручно“ е низ еден транспарентен социјален дијалог со сите чинители на општествениот живот, да се идентификуваат потребите од отворање на одредени профили и паралелки, во средните стручни училишта во градовите низ државата од идната учебна година.



Процесот за унапредување на средното стручно образование го води Министерството за образование и наука со поддршка на Швајцарската амбасада.



## Донација од 33 таблети за ученици од социјално ранливи семејства

На иницијатива на Фондацијата „Со срце за Крива Паланка“ и во соработка со Општина Крива Паланка, беа донирани 33 таблети за двете основни училишта од општината, за ученици чии семејства спаѓаат во социјално ранливи категории.
Таблетите ги донираа општествено одговорните компании „Макпетрол“ АД Скопје и „Ескаватори МК“ Дооел Скопје.



## Градоначалникот Мицевски оствари средба со младиот успешен кошаркар Горазд Величковски

Градоначалникот Борјанчо Мицевски оствари средба со младиот кошаркар Горазд Величковски од Крива Паланка, кој потпиша договор со најтрофејниот македонски кошаркарски клуб- Работнички од Скопје.

Овој голем успех на Горазд Величковски е резултат на неговиот талент, упорност, напорни и континуирани тренинзи, кои Горазд уште како дете од неполни 7 години ги започна во Кошаркаскиот клуб Крива Паланка под водство на тренерите Ведран Белешковски и Мирослав Ивановски, а подоцна и во КК Феникс 2010 од Скопје со тренерот Денис Давидовиќ.

Горазд Величковски воедно е и дел од кошаркарската репрезентација на РС Македонија до 16 години, која минатата година оствари историски пласман во А - дивизијата.



## Градскиот музеј годинава со шест проекти за заштита и промоција на културното наследство

Шест проекти на ЛУ Градски музеј ќе бидате финансирани во Годишната програма за финансирање на проекти од национален интерес во културата за 2021 година.

Станува збор за проектите: *Истражување и документирање на Кривопаланечкиот 19-ти век, МАГНЕТ (Аудио-видео разговорник со Димитар Стојчевски), Подобрување на условите во депоата и чувањето на предметите во Музејот, Подобрување на условите за аудиовизуелна презентација во Музејот* кои се однесуваат на музејската дејост. Понатаму предложени за финансирање се и проектот: *Заштитни археолошки истражувања на локалитет „Градиште“ во с. Градец* во рамките на дејноста заштита на културно наследство како и проектот: *Димитар Стојчевски, ретроспективна – монографска изложба*.

Вкупната сума на одобрени средства за финансирање на проектите изнесува **750.000** денари.